| | | За редовна дејност | 571.000 | |
| | | За посебни намени | 241.000 | |
| | | ВКУПНО: | 812.000 | |
| | | **РАЗДЕЛ 38 — ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА ОПШТИНИТЕ И РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО** | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ВОСПИТУВАЊЕТО | | |
| 180 | 01—2 | Средства распределени во определен износ за Републичката заедница на образованието | 4,622.000 | |
| | | Сè (позиција 180) | | 4,622.000 |
| | | 09 — ОПШТИ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ | | |
| | 09—2 | Средства распределени во определен износ | | |
| 181 | 09—2 | Берово | 2,531.000 | |
| 182 | 09—2 | Битола | 4,856.900 | |
| 183 | 09—2 | Брод | 3,266.300 | |
| 184 | 09—2 | Валандово | 700.100 | |
| 185 | 09—2 | Виница | 1,441.200 | |
| 186 | 09—2 | Гевгелија | 1,589.800 | |
| 187 | 09—2 | Гостивар | 9,535.300 | |
| 188 | 09—2 | Дебар | 2,525.800 | |
| 189 | 09—2 | Делчево | 2,336.200 | |
| 190 | 09—2 | Демир Хисар | 2,408.200 | |
| 191 | 09—2 | Кавадарци | 2,021.200 | |
| 192 | 09—2 | Кичево | 4,391.100 | |
| 193 | 09—2 | Кочани | 2,916.800 | |
| 194 | 09—2 | Кратово | 3,479.800 | |
| 195 | 09—2 | Крива Паланка | 3,816.000 | |
| 196 | 09—2 | Крушево | 1,577.300 | |
| 197 | 09—2 | Куманово | 8,541.800 | |
| 198 | 09—2 | Неготино | 1,270.800 | |
| 199 | 09—2 | Охрид | 4,059.200 | |
| 200 | 09—2 | Прилеп | 6,072.700 | |
| 201 | 09—2 | Пробиштип | 704.100 | |
| 202 | 09—2 | Радовиш | 2,373.900 | |
| 203 | 09—2 | Ресен | 2,230.400 | |
| 204 | 09—2 | Свети Николе | 2,284.000 | |
| 205 | 09—2 | Струга | 6,075.500 | |
| 206 | 09—2 | Струмица | 4,121.600 | |
| 207 | 09—2 | Тетово | 13,845.800 | |
| 208 | 09—2 | Титов Велес | 2,116.900 | |
| 209 | 09—2 | Штип | 1,172.100 | |
| | | Сè (позиции 181 до 209) | | 104,261.800 |

| Број на позицијата | Распоредна група или подгрупа | ОСНОВНА И ПОБЛИСКА НАМЕНА | Износ на позицијата | Износ на основната намена |
|---|---|---|---|---|
| | 10 — | НАМЕНСКИ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ | | |
| | 10—2 | Средства распределени во определен износ | | |
| 210 | 10—2 | Берово | 729.400 | |
| 211 | 10—2 | Битола | 2,791.500 | |
| 212 | 10—2 | Брод | 360.700 | |
| 213 | 10—2 | Валандово | 382.100 | |
| 214 | 10—2 | Виница | 358.000 | |
| 215 | 10—2 | Гевгелија | 2.034.200 | |
| 216 | 10—2 | Гостивар | 1,617.200 | |
| 217 | 10—2 | Дебар | 678.100 | |
| 218 | 10—2 | Делчево | 848.300 | |
| 219 | 10—2 | Демир Хисар | 348.900 | |
| 220 | 10—2 | Кавадарци | 774.200 | |
| 221 | 10—2 | Кичево | 1,122.800 | |
| 222 | 10—2 | Кочани | 784.400 | |
| 223 | 10—2 | Кратово | 516.100 | |
| 224 | 10—2 | Крива Паланка | 1,038.500 | |
| 225 | 10—2 | Крушево | 376.500 | |
| 226 | 10—2 | Куманово | 1.817.900 | |
| 227 | 10—2 | Неготино | 521.500 | |
| 228 | 10—2 | Охрид | 1.638.000 | |
| 229 | 10—2 | Прилеп | 1,885.600 | |
| 230 | 10—2 | Пробиштип | 398.600 | |
| 231 | 10—2 | Радовиш | 649.700 | |
| 232 | 10—2 | Ресен | 948.500 | |
| 233 | 10—2 | Свети Николе | 620.700 | |
| 234 | 10—2 | Скопје | 14.180.600 | |
| 235 | 10—2 | Струга | 1.396.900 | |
| 236 | 10—2 | Струмица | 1.629.300 | |
| 237 | 10—2 | Тетово | 1.613.800 | |
| 238 | 10—2 | Титов Велес | 1.904.700 | |
| 239 | 10—2 | Штип | 1,423.400 | |
| | | Сè (позиции 210 до 239) | | 45.390.100 |
| 240 | 10—2 | Партиципација во отстранувањето причините за смртноста кај доенчињата | 2,628.000 | |
| | | Сè (позиција 240) | | 2.628.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 38 (позиции 180 до 240) | | 156,901.900 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | |
| | | Средства распределени во определен износ | 156.901.900 | |
| | | ВКУПНО: | 156.901.900 | |
| | | **РАЗДЕЛ 39 — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ** | | |
| | | 14 — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | |
| 241 | 14—2—21 | За учество во изградбата на станови за повратници | 2,000.000 | |
| 242 | 14—2—21 | За изградба на станови за функционери и работници од републичката управа | 2,000.000 | |
| 243 | 14—2—21 | За учество во изградбата на царинарници | 600.000 | |
| 244 | 14—2—21 | За опрема на органите на управата | 500.000 | |
| 245 | 14—2—22 | За обврски по кредити (ануитети) | 3,790.000 | 8.890.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 39 (позиции 241 до 245) | | 8.890.000 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | |
| | | Средства распоредени во определен износ | 8,890.000 | |
| | | ВКУПНО: | 8,890.000 | |
| | | **РАЗДЕЛ 40 — СРЕДСТВА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИЦИ** | | |
| | | 07 — РАБОТА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ | | |
| 246 | 07—2—1 | За назначување на нови работници во правосудните органи | 450.000 | 450.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 40 (позиција 246) | | 450.000 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | |
| | | За редовна дејност | 450.000 | |
| | | ВКУПНО: | 450.000 | |

| Број на позицијата | Распоредна група или подгрупа | ОСНОВНА И ПОБЛИСКА НАМЕНА | Износ на позицијата | Износ на основната намена |
|---|---|---|---|---|
| | | **РАЗДЕЛ 41 — ОБВРСКИ ПО БУЏЕТОТ ОД ПОРАНЕШНИ ГОДИНИ** | | |
| | | 17 — БУЏЕТСКИ ОБВРСКИ ОД ПОРАНЕШНИ ГОДИНИ | | |
| 247 | 17—2 | Средства распределени во определен износ | 240.546 | 240.546 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 41 (позиција 247) | | 240.546 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | |
| | | Средства распределени во определен износ | 240.546 | |
| | | ВКУПНО: | 240.546 | |
| | | **РАЗДЕЛ 42 — НЕРАСПРЕДЕЛЕНИ ПРИХОДИ** | | |
| | | 19 — НЕРАСПРЕДЕЛЕНИ ПРИХОДИ (ТЕКОВНА БУЏЕТСКА РЕЗЕРВА) | | |
| 248 | 19—2 | Средства распределени во определен износ | 4,000.000 | 4,000.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 42 (позиција 248) | | 4,000.000 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | |
| | | Средства распределени во определен износ | 4,000.000 | |
| | | ВКУПНО: | 4,000.000 | |

Член 14

Средствата што републичките органи на управата ќе ги распределат во своите фондови врз основа на завршната сметка за 1969 година, ќе можат да се користат, доколку во рок од два месеца од денот на доставувањето на завршната сметка до Извршниот совет, не бидат ставени забелешки на завршната сметка.

Член 15

Средствата што ќе се остварат во 1970 година од републичкиот данок на промет на стоки на мало, како учество на Социјалистичка Република Македонија во обновата и изградбата на Дебар, по исполнувањето на обврската на републиката според Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во обновата и изградбата на Дебар („Службен весник на СРМ“ бр. 26/68), ќе се издвојуваат на одделна сметка.

Намената на средствата од претходниот став ќе ја определи Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Овој закон влегува во сила третиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1970 година.

ПРЕГЛЕД

НА ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКАТА ЗАЕДНИЦА И НА СРЕДСТВАТА НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

| Реден број | ВИД ПРИХОДИ | Приходи на буџетот | Средства за финансирање на заедницата за образованието: Изворни средства | Дополнителни средства | Вкупно 4+5) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Придонеси | 40.934.794 | 13.052.000 | — | 13.052.000 |
| 2. | Придонес од личен доход од пензионери и продолжена работа | — | 8.000.000 | — | 8.000.000 |
| 3. | Даноци | 41.785.000 | 66.991.000 | — | 66.991.000 |
| 4. | Други приходи од буџетот | 600.000 | — | — | — |
| 5. | Дополнителни средства во определен износ: | | | | |
| | а) од буџетот | 255.534.060 | — | 4.622.000 | 4.622.000 |
| | б) од средствата на републичката односно покраинската заедница за образование | — | — | — | — |
| | ВКУПНО: | 338.853.854 | 88.043.000 | 4.622.000 | 92.665.000 |

**363.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДНИОТ ПРИДОНЕС ВО 1970 ГОДИНА

Се прогласува Законот за водниот придонес во 1970 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 декември 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 24 декември 1969 година.

Број 4233
25 декември 1970 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ВОДНИОТ ПРИДОНЕС ВО 1970 ГОДИНА

Член 1

Работните и други организации, граѓанските правни лица и граѓаните што употребуваат и користат вода за определени стопански или комунални цели или што испуштаат загадени води, во 1970 година плаќаат воден придонес според одредбите на овој закон.

Обврзниците што плаќаат придонес од личен доход од земјоделска дејност во 1970 година, наместо воден придонес плаќаат зголемен придонес од личен доход од земјоделска дејност. Средствата добиени со зголемување на придонесот од личен доход од земјоделска дејност се користат за целите за кои се користи водниот придонес.

Член 2

Работните и други организации, граѓански правни лица и граѓаните за употребената и искористената вода плаќаат воден придонес во следните износи:

1. хидроелектраните и термоелектраните по 0,0025 динари за 1 КВЧ произведена електрична енергија;

2. рударските и индустриските работни организации, како и рударските и индустриските погони на други стопански организации по 0,04 динари за 1 м$^3$ употребена или искористена вода;

3. работните организации што вршат занаетчиски дејности, граѓанските правни лица и граѓаните што вршат занаетчиски и други слични стопански дејности (влачарници, валавници, воденици и слично) — по 0,0003 динари за 1 м$^3$ употребена или искористена вода; и

4. работните и други организации што вршат комунални дејности — по 0,02 динари за 1 м$^3$ употребена или искористена вода, освен за водата што тие ја испорачуваат на други организации на граѓански правни лица и на граѓаните за кои овие се должни непосредно да плаќаат воден придонес.

Работните организации од други гранки и области на стопанството, чии погони произведуваат и електрична енергија, плаќаат воден придонес според износот утврден во точка 1 од претходниот став, доколку водата ја употребуваат или искористуваат исклучиво за производство на електрична енергија.

Член 3

Работните и други организации, граѓанските правни лица и граѓаните што испуштаат загадена вода во вршењето на стопанска дејност, за испуштената загадена вода плаќаат воден придонес во следните износи:

1. работните и други организации што се занимаваат со производството на јаглен, нафта, неметали, целулоза, хартија, кожа, чевли и текстил, како и работните организации од областа на црната и обоената металургија и хемиската индустрија:

— по 0,02 динари за 1 м$^3$ испуштена загадена вода со отровни киселини или други отровни хемикалии;

— по 0,01 динари за 1 м$^3$ испуштена загадена вода со неотровни органски или анорагански материи;

2. сите други работни организации, граѓанските правни лица и граѓаните — по 0,02 динари за 1 м$^3$ испуштена загадена вода.

Работните и другите организации од точка 1 од претходниот став, доколку загадената вода ја испуштаат во природни или вештачки водотекови без уреди за прочистување, плаќаат воден придонес во двоен износ.

Член 4

Обврзниците на водниот придонес од член 3 на овој закон што немаат уреди за мерење количеството на испуштените загадени води, плаќаат воден придонес за употребена или искористена и за испуштена загадена вода во единствен износ, што се пресметува за 1 м$^3$ употребена или искористена вода и тоа:

1. работните и други организации што се занимаваат со производство на јаглен, нафта и неметали, како и работните организации од црната и обоената металургија — по 0,052 динари за 1 м$^3$ вода;

2. работните организации од дрвната, прехранбената и друга индустрија што испуштаат загадени води со неотровни органски и анорагански материи — по 0,044 динари за 1 м$^3$ вода;

3. сите други работни организации, граѓанските правни лица и граѓаните — по 0,03 динари за 1 м$^3$ вода.

Член 5

Обврзниците од став 2 на член 1 од овој закон плаќаат зголемен придонес од личен доход од земјоделска дејност за 2% од катастарскиот приход.

Член 6

Организациите од член 2 и 3 од овој закон водат евиденција за произведената електрична енергија, за употребената или искористената вода, како и за испуштените загадени води.

Употребената или искористената односно испуштената загадена вода се евидентира само еднаш, без оглед на тоа колку пати е употребена во технолошкиот процес на производството.

Член 7

Работните организации и другите обврзници на воден придонес според овој закон, што немаат инструменти за мерење на употребената или искористената вода, количеството на употребената или искористената вода ја утврдуваат според капацитетот на постројките за снабдување со вода, а сразмерно со степенот на искористеноста на производните капацитети за кои е употребена или искористена водата.

Капацитетот на постројките за снабдување со вода како и производниот капацитет за кој се употребува или искористува водата се утврдуваат според нивната инвестиционо-техничка документација, а доколку таква нема, капацитетот го утврдува комисија што ја образува општинскиот орган на управата надлежен за работите на водостопанството.

Член 8

Обврзниците од член 2 и 3 на овој закон водниот придонес го пресметуваат и плаќаат за изминатиот месец најдоцна до 25 идниот месец во полза на сметката на Републичкиот фонд за води.

Ако граѓанинот и граѓанските правни лица водниот придонес не го уплатат во рок од претходниот став, наплатата на придонесот ќе се изврши присилно, според прописите за придонесите и даноците на граѓаните.

Износот со кој е зголемен придонесот од личен доход од земјоделска дејност според член 5 на овој закон, како и присилно наплатениот воден придонес, се уплатуваат во корист на Републичкиот фонд за води во рок од еден месец од извршената наплата.

Член 9

Овој закон влегува во сила третиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1970 година.

---

**364.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за придонесите и даноците на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 декември 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 24 декември 1969 година.

Број 4234
24 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за придонесите и даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 2/69 и 14/69) по член 5 се додава нов член 5а кој гласи:

„Член 5а

Се ослободуваат од плаќање на придонес од личен доход од работен однос сите запослени работници во заштитните работилници за професионална рехабилитација и запослување на инвалиди, доколку во овие работилници вкупниот број на лицата на рехабилитација и на запослените рехабилитирани и инвалидни лица е еднаков или поголем од бројот на другите запослени работници."

Член 2

Во член 23, по став 1 се додаваат нови ставови 2 и 3 кои гласат:

„Општината може да ги ослободи од водење на работни книги обврзниците со намалена работна способност кои сами ја вршат дејноста.

Општината може да ги задолжи обврзниците, што се ослободени од водење на работни книги, да издаваат потврди за наплатениот износ за извршената услуга, односно за продадените производи".

Член 3

Овој закон влегува во сила третиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1970 година.

**365.**

Врз основа на член 99, став 3 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 декември 1969 година, на седницата на Соборот на општините, одржана на 24 декември 1969 година, на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 24 декември 1969 година, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 24 декември 1969 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 24 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОУЧУВАЊЕ ОСТВАРУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА НА ОПШТИНАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ОДНОСИ ВО НЕА

1. Се образува Комисија за проучување остварувањето на општествено-економската положба на општината и на самоуправните односи во неа (Комисија).

2. Комисијата има за задача да го проучи остварувањето на општествено-економската положба на општината и на развојот на самоуправните односи во неа според уставната концепција за општината и да ги испита, утврди и оцени причините за недоволно доследното остварување на оваа концепција, а особено:

— системот на финансирањето и начинот на задоволувањето на општествените потреби во општината и материјалната основа за извршувањето на нејзините функции;

— методите на планирањето и утврдувањето на развојната политика на општината;

— дејствувањето на самоуправните интересни заедници и нивното вклучување во системот на самоуправните односи во општината, како и влијанието на граѓаните и корисниците врз нивното работење;

— положбата на комуналните организации и влијанието на граѓаните врз нивното работење;

— видовите и резултатите од соработката меѓу општините; и

— односите и соработката меѓу општините и Републиката.

По извршената задача Комисијата ќе му поднесе на Собранието извештај со мислење и предлози за потребата од преземање на акции и мерки односно донесување на прописи за подоследно, порешително и поефикасно остварување на уставната положба на општината.

3. Комисијата се состои од претседател и 18 членови.

Претседателот и 9 членови на Комисијата се избираат од редот на пратениците на Собранието, и тоа по 2 пратеника од секој собор, а другите 9 членови на Комисијата се избираат од редот на општествено-политичките, научните, стручните и други јавни работници.

4. Во извршувањето на своите задачи Комисијата може да ангажира одделни стручни работници од соодветните републички органи на управата и ќе соработува со заинтересираните органи и организации.

5. Задачите од точка 2 на оваа одлука Комисијата да ги изврши најдоцна до 15 јуни 1970 година.

6. Оваа одлука влегува во сила откако сите собори на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе ја донесат во истоветен текст, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 4248
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**366.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за образување на Комисија за проучување остварувањето на општествено-економската положба на општината и на самоуправните односи во неа, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 декември 1969 година, на седницата на Соборот на општините, одржана на 24 декември 1969 година, на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 24 декември 1969 година, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 24 декември 1969 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 24 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРОУЧУВАЊЕ ОСТВАРУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА НА ОПШТИНАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ОДНОСИ ВО НЕА

I. Во Комисијата за проучување остварувањето на општествено-економската положба на општината и на самоуправните односи, во неа, се избираат:

1. за претседател: Љупчо Шкартов, пратеник на Соборот на општините;

2. за членови:

а) од редот на пратениците:

— Јездимир Богдански, член на Извршниот совет;

— Шабан Ќемали, пратеник на Републичкиот собор;

— Душко Гиговски, пратеник на Соборот на општините;

— Мелко Антевски, пратеник на Стопанскиот собор;

— Благоја Козар, пратеник на Стопанскиот собор;

— Ѓорѓи Кртев, пратеник на Просветно-културниот собор;

— Мирко Крстевски, пратеник на Просветно-културниот собор;

— Душан Михајловски, пратеник на Социјално-здравствениот собор; и

— д-р Душко Цветковски, пратеник на Социјално-здравствениот собор;

б) од редот на општествено-политичките, научните, стручните и други јавни работници:

— Мице Димески, општествено-политички работник;

— д-р Трајче Груевски, судија на Уставниот суд на Македонија;

— Вељо Бундалевски, заменик на Републичкиот секретар за финансии;

— Владо Црвенковски, самостоен советник во Секретаријатот за законодавство и организација на Извршниот совет;

— Борче Атанасовски, советник во Соборот на општините на Собранието на СРМ;

— Александар Николовски, заменик секретар на Собранието на град Скопје;

— Димитар Мирчев, асистент во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања;

— Блашко Јаневски, претседател на Општинското собрание — Куманово;

— Кочо Тулевски, претседател на Општинското собрание — Тетово.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 4244
24 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**367.**

Врз основа на член 144 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 декември 1969 година, на седницата на Соборот на општините, одржана на 24 декември 1969 година и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 24 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР, СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ И ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ЗА ПРОУЧУВАЊЕ ОСТВАРУВАЊЕТО НА РАМНОПРАВНОСТА НА НАРОДНОСТИТЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА

1. Се образува Заедничка комисија на Републичкиот собор, Соборот на општините и Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за проучување остварувањето на рамноправноста на народностите во СР Македонија (Заедничка комисија).

2. Комисијата има задача комплексно да ја испита, утврди и оцени положбата во врска со остварувањето на начелата и одредбите на Уставот на СРМ и утврдената политика за рамноправноста на народностите во СРМ во поглед на застапеноста на народностите во претставничките тела на општествено-политичките заедници; изведувањето на наставата на јазиците на народностите во училиштата во местата во кои живеат народности; рамноправноста на јазиците и писмата на народностите со македонскиот јазик на подрачјата на кои живеат припадници на народностите; употребата на својот јазик од страна на припадниците на народностите во остварувањето на своите права и должности и во постапката пред државните органи и организациите што вршат јавни овластувања; остварувањето грижата на општествено-политичките заедници за развојот на школството, печатот, радиото, телевизијата и културно-просветната дејност на јазиците на народностите.

Комисијата, по извршената задача, ќе им поднесе на Републичкиот собор, Соборот на општините и Просветно-културниот собор извештај со мислење и предлози за потребата од идни акции и мерки за натамошно остварување на Уставот во оваа област.

3. Заедничката комисија има претседател и 16 членови.

Претседателот и 8 членови на Заедничката комисија се избираат од редот на пратениците, со тоа што секој од соборите што ја образуваат Заедничката комисија избира по 3 члена.

Другите членови на Заедничката комисија се избираат од редот на општествено-политичките, научните, стручните и други јавни работници.

4. Задачата од точка 2 на оваа одлука Заедничката комисија да ја изврши најдоцна до 15 април 1970 година.

5. Оваа одлука влегува во сила откако Републичкиот собор, Соборот на општините и Просветно-културниот собор ќе ја донесат во истоветен текст, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 4318
24 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**368.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за образување на Заедничка комисија на Републичкиот собор, Соборот на општините и Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ за проучување остварувањето на рамноправноста на народностите во Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 декември 1969 година, на седницата на Соборот на општините, одржана на 24 декември 1969 година и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 24 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЧКАТА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР, СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ И ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРОУЧУВАЊЕ ОСТВАРУВАЊЕТО НА РАМНОПРАВНОСТА НА НАРОДНОСТИТЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА

I. Во Заедничката комисија на Републичкиот собор, Соборот на општините и Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ за проучување остварувањето на рамноправноста на народностите во СР Македонија, се избираат:

1. за претседател: Предраг Кушевски, пратеник на Републичкиот собор;

2. за членови:

а) од редот на пратениците:

— Фахри Ќаја, член на Извршниот совет;

— Анте Поповски, член на Извршниот совет;

— Мирко Маринковски, пратеник во Републичкиот собор;

— Евзи Мемети, пратеник во Републичкиот собор;

— Цветан Аврамовски, пратеник во Соборот на општините;

— Петрит Муча, пратеник во Соборот на општините;

— Ѓорѓи Минев, пратеник во Соборот на општините; и

— Сефедин Сулејмани, пратеник во Просветно-културниот собор.

б) од редот на општествено-политичките, научните, стручните и други јавни работници:

— Иван Тошевски, директор на Телевизија — Скопје;

— Галаба Паликрушова, советник во Институтот за национална историја — Скопје;

— Анатоли Дамјановски, директор на Републичкиот завод за школство — Скопје;

— Илјами Емини,уредник во РТВ — Скопје;

— Бејзат Мугбил, судија на Окружниот суд — Скопје;

— Мети Крлиу, член на Секретаријатот на ЦК СКМ;

— Димитар Бајалџиев, асистент на Правниот факултет — Скопје; и

— Милан Панчевски, член на Извршниот одбор на Републичката конференција на ССРНМ.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 4243
24 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**369.**

Врз основа на член 143 од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на СРМ,

Републичкиот собор, на својата седница, одржана на 24 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ ОДБОРИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

I. Се разрешуваат од членови на одборите, по нивно барање или поради презафатеност, лицата избрани со Одлуката за избор на претседатели и членови на постојаните одбори на Републичкиот собор на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 23/69), и тоа:

1. Павле Игновски, од член на Одборот за земјоделство и шумарство;

2. Абдула Османи, од член на Одборот за стоков промет, угостителство и туризам;

3. Драгиша Лазовски, од член на Одборот за индустрија, градежништво и сообраќај;

4. Аризан Несторовски — Марче, од член на Одборот за буџет;

5. Димче Ивановски, од член на Одборот за просвета, наука и култура;

6. Кирил Михајловски — Груица, од член на Одборот за општествен план и финансии;

7. Ванчо Чучевски, од член на Одборот за општествен план и финансии;

8. Мирко Маринковски, од член на Одборот за социјално-здравствени прашања;

9. Ѓорѓи Узуновски, од член на Одборот за труд и трудови односи;

10. Смиле Петровски, од член на Одборот за труд и трудови односи;

11. Џоџа Николовски, од член на Одборот за општествено-економски односи.

б) За членови на одборите се избираат:

1. Христафил Кузмановски, за член на Одборот за земјоделство и шумарство;

2. Аризан Несторовски — Марче, за член на Одборот за стоков промет, угостителство и туризам:

3. Абди Фаик, за член на Одборот за буџет;

4. Ѓорѓи Марков, за член на Одборот за општествен план и финансии;

5. Бошко Стефановски, за член на Одборот за општествен план и финансии;

6. Добрин Глигоров, за член на Одборот за труд и трудови односи;

7. Мирко Маринковски, за член на Одборот за труд и трудови односи;

8. Ристо Сидор, за член на Одборот за општествено-економски односи;

9. Кирил Михајловски — Груица, за член на Одборот за просвета, наука и култура;

10. Абдула Укшини, за член на Одборот за просвета, наука и култура;

11. Ванчо Чучевски, за член на Одборот за просвета, наука и култура;

12. Васко Теговски, за член на Одборот за индустрија, градежништво и сообраќај; и

13. Смиле Петровски, за член на Одборот за социјално-здравствени прашања.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 4253
24 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**370.**

Врз основа на членот 35 став 1 точка 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 54/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), во врска со членот 102 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68 и 11/69) и членот 5 од Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/65, 14/66, 1/67 и 23/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ СПОРЕД ЧЛЕНОТ 102 ОД ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Со оваа одлука се усогласуваат пензиите усогласени со Одлуката за усогласување на пензиите според членот 102 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 40/68), како и пензиите остварени до 31 декември 1967 година.

II

Усогласувањето на пензиите во смисла на одредбите од претходната точка се врши на тој начин што се зголемуваат пензиите на следниве корисници на пензија:

а) пензиите на корисниците на старосни, инвалидски и семејни пензии усогласени според Одлуката за усогласување на пензиите според членот 102 од Основниот закон за пензиското осигурување и пензиите остварени во периодот од 1 јануари до 31 декември 1965 година — за 8%, со тоа што зголемувањето на тие пензии не може да изнесува помалку од 28 динари;

б) пензиите на корисниците на старосни, инвалидски и семејни пензии остварени во периодот од 1 јануари до 31 декември 1966 година — за 5%, со тоа што зголемувањето на тие пензии не може да изнесува помалку од 18 динари, и

в) пензиите на корисниците на старосни, инвалидски и семејни пензии остварени во периодот од 1 јануари до 31 декември 1967 година — за 3%, со тоа што зголемувањето на тие пензии не може да изнесува помалку од 11 динари.

III

Како основица за зголемување на пензиите по оваа одлука служи износот на пензијата (без заштитниот додаток) што на корисникот на пензијата му следува за месец декември 1969 година.

IV

Зголемувањето на пензиите по оваа одлука следува од 1 јануари 1970 година.

V

Од усогласувањето на пензиите по оваа одлука се исклучуваат пензиите на воените осигуреници и пензиите на борците од Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година, на кои во 1969 година пензиите им беа повторно определени по пензиска основа од 800,00 динари.

По исклучок, ќе се усогласат по оваа одлука и пензиите на борците од Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година од претходниот став, ако е тоа за нив поповолно, при што како основица за зголемување на пензиите ќе служи основицата која се добива кога износот на пензијата на 31 декември 1968 година се усогласи според Одлуката за усогласување на пензиите според членот 102 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 40/68 и 3/69) и според Одлуката за усогласување на пензиите, инвалиднините и додатокот за помош и нега со движењето на просечните трошоци на животот во 1968 година („Службен весник на СРМ“ бр. 3/69).

VI

Усогласувањето на пензиите по оваа одлука ќе се изврши по службена должност од Републичкиот завод за социјално осигурување без донесување на посебни писмени решенија, со тоа што за извршеното усогласување на корисникот на пензијата ќе му се испрати писмено известување по образец што ќе го утврди Републичкиот завод за социјално осигурување.

По писмено барање на корисникот на пензија, надлежниот комунален завод за социјално осигурување е должен да му издаде писмено решение за извршеното усогласување на пензијата според оваа одлука.

VII

Потребни појаснениja за примена на одредбите на оваа одлука ќе дава Републичкиот завод за социјално осигурување.

VIII

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3562/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

---

**371.**

Врз основа на членот 90 став 2 и членот 93 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО 1970 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдуваат ризиците на здравственото осигурување кои задолжително се реосигуруваат и условите по кои се признава дека настапил случај кој дава право на надоместок од здравственото реосигурување и височината на надоместокот.

II

Како ризици во смисла на оваа одлука се реосигуруваат:

1. Лекување од сите видови болести од туберкулоза во специјални стационарни здравствени установи;

2. Лекување од душевни болести во специјални болници за душевни болести, и

3. Поголеми расходи за здравствено осигурување како последица на елементарни непогоди и масовни епидемии.

III

Височината на надоместокот за реосигурените случаи се утврдува:

1. Во износ од 50% од стварните трошоци на лекување во специјални стационарни здравствени установи, вклучувајќи го и надоместокот на личниот доход почнувајќи од 121 ден на лекувањето;

2. Во износ од 50% од стварните трошоци на лекувањето во специјални болници за душевни болести почнувајќи од 365 ден на лекувањето;

3. Во износ од 50% од расходите на здравственото осигурување предизвикани од елементарни непогоди и масовни епидемии.

Фактот дека се извршени поголеми расходи на здравственото осигурување како последица на елементарни непогоди и масовни епидемии и височините на надоместокот по оваа основа ја утврдува Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците.

IV

Постоењето на масовна епидемија и елементарни непогоди во смисла на точка III став 1 под 3, го утврдува надлежниот орган (на општинското собрание) во рок од 3 месеци од денот кога од одредено масовно заболување заболеле повеќе од 10% од населението на одредено подрачје што подлежи на такво заболување.

V

За реосигурување се плаќаат премии.

Премиите се плаќаат според Тарифата на премиите за задолжително здравствено реосигурување.

VI

Надоместокот за ризиците од точката II под 1 и 2, ќе се исплатува врз основа на барањето што го поднесува комуналниот завод за социјално осигурување односно, по овластување, филијалата на Заводот.

Барање надоместок за ризик по основа на елементарни непогоди и масовни епидемии поднесува Собранието на соодветната комунална заедница на социјалното осигурување на работниците.

VII

Надоместоците од Фондот за задолжително здравствено реосигурување ќе се пресметуваат тримесечно, освен за ризикот од точка II под 3 за кој пресметката се врши по донесување на Одлуката од Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување.

Барањето за надоместок од реосигурување со документација се доставува до Републичкиот завод до 10-ти во месецот за изминатиот период, а барањето според точка III став 1 под 3 се поднесува во рок од 3 месеци од прогласувањето на епидемијата односно утврдување на мерките за сузбивање последиците од елементарните непогоди.

Републичкиот завод е должен во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето односно одлуката на Собранието да изврши дознака на утврдениот надоместок.

Во случај на неблаговремена дознака на средствата на име надоместок од реосигурувањето, Републичкиот завод е должен да пресмета и уплати затезна камата од 8% годишно.

VIII

Поблиски упатства за начинот на спроведувањето на оваа одлука ќе донесува Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје.

IX

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3567/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

---

**372.**

Врз основа на членот 91 став 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ТАРИФА НА ПРЕМИИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Премиите за реосигурување на ризиците во здравственото осигурување определени со Одлуката за спроведување на задолжителното здравствено реосигурување на работниците во 1970 година се пресметуваат и уплатуваат по стапките определени со оваа тарифа.

II

Премиите за задолжително здравствено реосигурување (во натамошниот текст: премии за реосигурување) изнесуваат:

1,20% за реосигурување на ризикот — лекување од сите видови болести на туберкулоза во специјални стационарни здравствени установи;

0,75% за реосигурување на ризикот — лекување од душевни болести во специјални болници за душевни болести;

0,15% за реосигурување на ризици што настануваат како последица на елементарни непогоди и масовни епидемии.

III

Премиите за реосигурување се пресметуваат од основицата што ја сочинува основниот придонес за здравственото осигурување пресметан по единствена стапка на основниот придонес од 5,6%.

IV

Премиите на реосигурување по стапките определени со оваа тарифа се пресметуваат месечно. Конечна пресметка на премиите се врши на крајот на годината со завршната сметка.

V

Комуналните заводи за социјално осигурување односно филијалите на заводите се должни пресметаната премија за реосигурување да ја дознačат во полза на жиро-сметката на Фондот за задол-

жително здравствено реосигурување на работниците — Скопје до 20 во месецот за изминатиот месец.

Во случај на неблаговремена дознака на средствата на име премија, комуналните заводи се должни да пресметаат и уплатат затезна камата од 8% годишно.

VI

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3568/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

**373.**

Врз основа на членот 119 став 3 и членот 120 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) и член 14 и 15 од Законот за уредување на определени прашања во врска со финансирањето на социјалното осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 7/68), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА СРЕДСТВАТА ШТО ОД ФОНДОТ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ВО 1970 ГОДИНА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ИЗДВОЈУВААТ ЗА РЕЗЕРВИТЕ НА ФОНДОТ И ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСТОЈАНИОТ ДЕЛ НА СИГУРНОСНАТА РЕЗЕРВА НА ТОЈ ФОНД

I

Од средствата остварени со придонесите за инвалидско и пензиско осигурување во 1970 година, за резервите на Фондот се издвојуваат средства од 15% и тоа:

— за сигурносна резерва 5%
— за валоризациона резерва 10%

II

Постојаниот дел на сигурносната резерва во смисла на членот 120 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување се утврдува во височина од 10% од расходите на Фондот на инвалидското и пензиското осигурување утврдени со финансискиот план на фондот за тековната година.

III

Доколку, според завршната сметка на фондот за 1970 година, планскиот вишок на расходите над приходите би се намалил, разликата задолжително се издвојува во валоризационата резерва.

IV

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3563/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

**374.**

Врз основа на членот 136 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА УЖИВАТЕЛИТЕ НА ПЕНЗИЈА И ИНВАЛИДНИНА ЗА 1970 ГОДИНА

I

Придонесот за здравствена заштита на уживателите на пензија осигурени според одредбите на членот 18 од Основниот закон за здравственото осигурување, се утврдува во постојан месечен износ од 45,00 динари по уживател на пензија.

Како уживатели на пензија се сметаат уживателите на инвалидска, старосна и семејна пензија, како и уживателите на привремена инвалиднина, старосна и семејна пензија во смисла на членот 247 од Основниот закон за пензиското осигурување.

II

Придонесот за здравствена заштита на уживателите на инвалиднина по прописите на инвалидското осигурување осигурени само за случај на лекување поради повреда или болест што предизвикала телесно оштетување по кое им припаѓа правото на инвалиднина (член 20 став 2 од Основниот закон за здравственото осигурување, се определува во постојан месечен износ од 10,60 динари.

III

Уживателите на пензија или инвалиднина од странски носители на социјалното осигурување кои се здравствено осигурени во смисла на членот 18 од Основниот закон за здравственото осигурување, доколку со меѓународен договор (конвенција — спогодба) не е поинаку определено, придонесот за здравствената заштита го плаќаат во височина од 8% од нето износот на пензијата односно инвалиднината пресметана во динари според важечкиот курс.

До колку пресметаниот месечен придонес за здравствена заштита е помал од утврдениот постојан износ на придонесот за уживателите на пензија, придонесот се плаќа во постојан месечен износ од 45,00 динари.

IV

Придонесот од точката I и II на оваа одлука се пресметува и плаќа месечно од Фондот на инвалидското и пензиското осигурување, врз основа на просечниот број на уживателите на пензија односно инвалиднина утврден за тековната година според статистичките податоци на Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје.

До колку пензијата е исплатена за покус период од еден месец, придонесот се плаќа во полн износ.

V

Корисниците на пензија од точката III на оваа одлука придонесот за здравствена заштита го плаќаат сами во полза на жиро-сметката на Фондот за здравствено осигурување на работниците според местото на живеењето на корисникот.

Обврската за плаќање на придонесот стасува на првиот ден во месецот.

VI

Републичкиот завод за социјално осигурување е должен пресметаниот придонес за здравствена заштита на пензионерите да го уплати во полза на фондовите за здравствено осигурување на соодветните комунални заедници, најдоцна до 5 во месецот за изминатиот период.

VII

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3574/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

**375.**

Врз основа на членот 33 став 3 од Основниот закон за здравствено осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 15/65, 29/66, 52/66 и 23/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСТОЈАНИОТ ИЗНОС НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИЗДАДЕНИТЕ ЛЕКОВИ ВО 1970 ГОДИНА

I

На име учество во трошоците за користење на издадените лекови, освен лековите за чија примена е потребна непосредна интервенција на стручен здравствен работник, осигурените лица плаќаат по 2,00 динари по издаден лек во аптека или друга здравствена установа на територијата на Социјалистичка Република Македонија, без оглед на цената на чинењето на лекот.

II

За лековите што се препишуваат со рецепт на товар на фондовите на здравственото осигурување, чија продајна вредност изнесува до 2 динари, аптеките ја наплатуваат само нивната фактичка вредност.

III

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија."

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3569
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

**376.**

Врз основа на членот 117 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДЕЛОТ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО ПРИПАЃА НА КОМУНАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ НА ИМЕ НАДОМЕСТОК НА ФОНДОВИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ТРОШОЦИТЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ЗАПОСЛУВАЊЕТО НА ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ

I

На комуналните заедници на социјалното осигурување на име надоместок на фондовите на здравственото осигурување за трошоците на професионалната рехабилитација и запослувањето на инвалидите на трудот им припаѓа:

1. Надоместок во височина на стварните расходи извршени на подрачјето на соодветната комунална заедница на име:

а) надоместок поради запослување со скратено работно време;

б) надоместок поради помал личен доход за работа на друго работно место;

в) материјално обезбедување во врска со правото на професионална рехабилитација;

г) паушален надоместок на трошоците за престој и исхрана за времето додека се врши професионалната рехабилитација вон местото на живеењето;

д) надоместок на патните и превозните трошоци;

е) надоместок за учество во трошоците за задолжително основно образование на деца — инвалиди на осигуреници на кои им е обезбедено сместување и исхрана.

2. Надоместок во височина од 75% од извршените расходи на име привремен надоместок во врска со правото на запослување доколку на подрачјето на комуналната заедница процентот на запослените инвалиди на трудот не изнесува повеќе од 75% од вкупниот број на инвалидите на трудот со право на запослување.

За секое понатамошно зголемување бројот на запослените инвалиди на трудот, надоместокот сразмерно се зголемува.

3. Надоместок на име трошоци на професионалната рехабилитација на деца — инвалиди на осигуреници во височина на стварните трошоци, но најмногу во месечен просек од 250 динари за случаи упатени на професионална рехабилитација во заштитна работилница односно во месечен просек од 500 динари за случаи упатени на професионална рехабилитација во центри и други специјализирани установи.

Надоместокот на име трошоци на професионалната рехабилитација на деца — инвалиди затечени на 31. XII. 1969 година ќе се исплатува во височина на стварните трошоци.

4. Надоместок на име трошоци за професионална рехабилитација на инвалидите на трудот во височина на стварните трошоци, но најмногу за период од осумнаесет месеци за случаи упатени на професионална рехабилитација во работни и други организации како и заштитни работилници, односно најмногу за период од дваесетичетири месеци за случаи упатени на професионална рехабилитација во центри за рехабилитација.

Надоместок на трошоците за професионална рехабилитација на инвалидите на трудот затечени на 31. XII. 1969 година, а упатени на професионална рехабилитација во текот на 1969 година, ќе се исплатува:

а) во височина на 1/10 од 2.500 динари месечно за инвалидите на трудот упатени на професионална рехабилитација во работни и други организации како и заштитни работилници односно за завршени случаи во височина на разликата помеѓу исплатената акontација и износот од 2.500 динари,

б) во височина на 1/14 од 7.000 динари месечно за инвалидите на трудот упатени на професионална рехабилитација во центри за професионална рехабилитација на инвалидизирани лица односно, за завршени случаи, во височина на разликата помеѓу исплатената аконтација и износот од 7.000 динари.

II

Материјални и финансиски средства за инвестиции за обезбедување услови за вршење професионална рехабилитација и запослување на инвалидите на трудот и деца — инвалиди на осигурениците се обезбедуваат на товар на Фондот на инвалидското и пензиското осигурување.

Надоместок на име дотација на основачите на стручните курсеви, за адаптација на простории, машини и други средства за работа во работните и други организации, се признава на комуналните заедници на социјалното осигурување на работниците во височина на стварните трошоци врз основа на претходна согласност на програмата на работната организација од страна на Извршниот одбор на Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците.

III

Во износот на надоместокот се признаваат и обврските на име придонеси што се плаќаат на исплатените парични давачки како сразмерен дел на средствата што се издвојуваат како надоместок на комуналните заводи за работите што ги вршат за заедниците на социјалното осигурување.

IV

Надоместок на трошоците по оваа одлука ќе врши Републичкиот завод за социјално осигурување врз основа на пропишаната документација.

Пренос на средствата ќе се врши во рок од 8 дена по приемот на билансот и пропишаната документација од страна на комуналните заводи за социјално осигурување односно нивните филијали.

Републичкиот завод за социјално осигурување, според потребите, ќе врши контрола на изворната книговодствена документација.

V

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3564/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

**377.**

Врз основа на членот 90 став 2 и членот 93 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) и точка III став 2 од Одлуката за спроведување на задолжително здравствено реосигурување на работниците во 1969 година („Службен весник на СРМ" бр. 40/68), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА БОСАНСКА КРАИНА И БАЊА ЛУКА

I

Од Фондот за задолжително здравствено реосигурување на работниците на општините од подрачјето на Босанска Краина и Бања Лука, се доделуваат средства во височина од 150.000 динари на име помош — надоместок за санирање на здравствената положба на осигурениците настрадани од земјотресот.

Наменските средства ќе се пренесат во полза на жиро-сметката 401-789-44-1 — Штаб за цивилна заштита на град Скопје — помош за настраданите од земјотресот во Босанска Краина и Бања Лука.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3600/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

**378.**

Врз основа на членот 91 став 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ТАРИФАТА НА ПРЕМИИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1969 ГОДИНА

I

Во Тарифата на премиите за задолжително здравствено реосигурување на работниците за 1969 година („Службен весник на СРМ" бр. 40/68) во точка II процентот „2,41%" се заменува со процентот „1,18%", процентот „0,99%" со процентот „0,74%", а процентот „0,25%" со процентот „0,14%".

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1969 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3565/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

**379.**

Врз основа на членот 118 став 2 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 67/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА ВО 1969 ГОДИНА

I

Во точката IV од Одлуката за користење на средствата за закрепнување на корисниците на пензија во 1969 година („Службен весник на СРМ" бр. 16/69) се додава нов став 2, кој гласи:

„Од средствата од претходниот став се доделува на Сојузот на здруженијата на пензионерите и инвалидите на трудот — Републички одбор за Македонија износ од 195.000 динари за комплетирање на спремата на објектот за лекување и закрепнување на пензионерите и инвалидите на трудот во изградба во Катлановска Бања".

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3573/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

**380.**

Врз основа на членот 22 став 1 точка 4 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ФОНДОТ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Финансискиот план на Фондот на инвалидското и пензиското осигурување за 1970 година се утврдува со следните:

| Приходи | (во илјади динари) |
|---|---|
| 1. Основен придонес | 349.827 |
| 2. Додатни придонеси | 7.280 |
| 3. Други придонеси | 2.313 |
| 4. Приход од учество на Федерацијата во финансирањето на инвалидското и пензиското осигурување | 65.310 |
| 5. Приход од учество на Републиката во финансирањето на инвалидското и пензиското осигурување | 550 |
| 6. Пренесени средства од валоризационата резерва | 44.510 |
| 7. Други приходи | 3.130 |
| Вкупни приходи: | 472.920 |

| Издвојувања: | |
|---|---|
| 4. За резервите на фондот | 53.910 |
| 2. За професионална рехабилитација и запослување на инвалидите на трудот | 7.680 |
| 3. За закрепнување на пензионери | 5.170 |
| Вкупни издвојувања | 66.760 |
| Приходи по издвојувања | 406.160 |
| Вишок на расходи над приходите | 21.340 |

| Расходи | |
|---|---|
| 1. Инвалидски пензии со додатоци | 82.560 |
| 2. Инвалиднини | 3.770 |
| 3. Старосни пензии со додатоци | 207.350 |
| 4. Семејни пензии со додатоци | 54.870 |
| 5. Придонес за станбена изградба | 13.940 |
| 6. Придонес за здравствена заштита | 27.690 |
| 7. Придонес за додаток на деца и непосредна детска заштита | 14.140 |
| 8. Инвестиции за рехабилитација и запослување на инвалидите на трудот и деца — инвалиди | 1.500 |
| 9. Надоместок на заводите за вршење на работите во спроведувањето на инвалидското и пензиското осигурување | 10.640 |
| 10. Трошоци за студиски и научно истражувачки работи за потребите на унапредувањето на социјалното осигурување | 100 |
| 11. Други расходи | 10.940 |
| Вкупни расходи | 427.500 |

II

Вишокот на расходи над приходите планирани за 1970 година ќе се покрие со расположивите средства на сигуруносната резерва на фондот за 1970 година.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3570/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

**381.**

Врз основа на членот 22 став 1 точка 4 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ФОНДОТ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАНБЕНИТЕ ПОТРЕБИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА ЗА 1970 ГОДИНА

I

Финансискиот план на Фондот за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија се утврдува со следните:

**1. Средства:**

| | во илјади динари |
|---|---|
| 1) Пренесени средства од минатите години | 19,387 |
| 2) Придонеси од: | |
| — инвалидските и пензиските примања | 13,940 |
| — примања по основа на рехабилитација и запослување на инвалидите на трудот | 230 |
| 3) Други приходи (интерес на вложени средства и друго) | 1,380 |
| Вкупно средства: | 34.937 |

2. **Расходи:**

| | |
|---|---|
| 1) Надоместок на Републичкиот завод за вршење на работите за решавање на станбените прашања на пензионерите | 52 |
| 2) Надоместок за работа на комисиите за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија | 10 |
| 3) Други расходи (трошоци на паричниот и платниот промет | 6 |
| Вкупни расходи: | 68 |

3. **Средства за станбена изградба:**

| | |
|---|---|
| 1) Доделени неповратни средства за станбена изградба | 6.000 |
| 2) Средства за кредитирање на индивидуалната станбена изградба и останати расположиви средства | 28.869 |
| Вкупно средства за станбена изградба | 34.869 |

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3571/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

**382.**

Врз основа на членот 22 став 1 точка 4 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 57/66, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), а во врска со Одлуката за спроведување на задолжителното здравствено реосигурување на работниците и Тарифата на премиите за задолжително здравствено реосигурување на работниците за 1970 година, Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ФОНДОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Финансискиот план на Фондот за задолжително здравствено реосигурување на работниците се утврдува со следните:

**Приходи**

| | во илјади динари |
|---|---|
| 1. Приходи од премии за ризици: | |
| а) лекување од сите видови болести од туберкулоза во специјални стационарни здравствени установи | 2.790 |
| б) лекување од душевни болести во специјални болници за душевни болести | 1.749 |
| в) поголеми расходи за здравственото осигурување како последица на елементарни непогоди и масовни епидемии | 323 |
| Вкупни приходи: | 4.862 |

**Расходи**

| | |
|---|---|
| 1. Надоместоци од реосигурувањето за ризици: | |
| а) лекување од сите видови болести од туберкулоза во специјални стационарни здравствени установи | 2.583 |
| б) лекување од душевни болести во специјални болници за душевни болести | 1.619 |
| в) поголеми расходи за здравствено осигурување како последица на елементарни непогоди и масовни епидемии | 300 |
| 2. Надоместок на Републичкиот завод за вршење на работите за заедницата на социјалното осигурување | 360 |
| Вкупни расходи | 4.862 |

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3572/1
26 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

**383.**

Врз основа на членот 24 од Статутот на Републичката заедница на социјалното осигурување на земјоделците и членот 38 од Законот за здравственото осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ“ бр. 14/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на земјоделците донесе

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН

### НА ФОНДОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Финансискиот план на Фондот за задолжително здравствено реосигурување на земјоделците за 1970 година се утврдува со следните:

**Приходи**

| | (во илјада динари) |
|---|---|
| 1. Приходи од премии за реосигурување на ризикот — — — — — — | 132 |

| | |
|---|---|
| 2. Пренесени средства од вишокот на приходите над расходите од минатата година — — — — — — — — | 33 |
| 3. Други приходи | |
| Вкупни приходи: | 165 |

**Расходи**

| | |
|---|---|
| 1. Надоместок за реосигурување на ризикот-поголеми расходи за здравствено осигурување како последица на елементарни непогоди и епидемии | 50 |
| 2. Надоместок на Републичкиот завод за социјално осигурување за работите што ги врши за сметка на Заедницата на социјалното осигурување на земјоделците — — — — — — — — — | 100 |
| 3. Други расходи — — — — — — — | 15 |
| Вкупни расходи: | 165 |

II

Овој план влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3551/1
24 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Ѓорѓи Анастасов,** с.р.

**384.**

Врз основа на членот 68 од Законот за здравственото осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ" бр. 14/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на земјоделците, на седницата одржана на 24 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Под ризици за кои се обезбедуваат надоместоци од Фондот за задолжително здравствено реосигурување на земјоделците во смисла на оваа одлука се сметаат: поголеми расходи за здравствена заштита како последица на елементарни непогоди и епидемии.

II

Фактот дека се извршени поголеми расходи на здравственото осигурување како последица на елементарни непогоди, масовни епидемии и височината на надоместокот по оваа основа го утврдува Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на земјоделците.

III

За реосигурување се плаќа премија според Тарифата на премијата за задолжително здравствено реосигурување на земјоделците за 1970 година.

IV

Барање надоместок од Фондот за задолжително здравствено реосигурување поднесува собранието на соодветната комунална заедница за здравствено осигурување на земјоделците до Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје.

V

Поблиско упатство за спроведување на оваа одлука донесува Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје.

VI

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3552/1
24 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Ѓорѓи Анастасов,** с.р.

**385.**

Врз основа на членот 66 од Законот за здравственото осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ" бр. 14/67) и членот 91 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на земјоделците, на седницата одржана на 24 декември 1969 година, донесе

## ТАРИФА

### НА ПРЕМИЈАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Премијата за задолжително здравствено реосигурување на ризикот утврден со Одлуката за спроведување на задолжителното здравствено реосигурување на земјоделците за 1970 година изнесува 0,36%.

II

Премијата се пресметува од основицата што ја сочинува облогот на придонесот за здравственото осигурување на земјоделците за 1970 година.

III

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3553/1
24 декември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Ѓорѓи Анастасов,** с.р.

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за востановување и доделување споменица на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија што е објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 30/69, се поткраднала грешка, поради што се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ СПОМЕНИЦА НА АНТИФАШИСТИЧКОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Во уводниот оддел на Одлуката за востановување и доделување споменица на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, во ред 7 место „1944 година“ треба да стои „1969 година“.

Бр. 4246
16 декември 1969 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на СРМ

# Огласен дел

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 10, страна 111, книга V е запишана под фирма: Производно претпријатие „Билјана“ — Скопје — Продавница бр. 35, ул. „Иво Рибар — Лола“ бр. 120. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови алкохолни и безалкохолни пијалоци и деликатесни стоки — чоколада, бонбони и сл. (Во просторијата не можат да се вршат угостителски услуги).

Продавницата е основана од работничкиот совет на Производното претпријатие Билјана“ — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 17. XI. 1967 година.

Раководител на продавницата е Лука Никалевиќ.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 962/68 од 30. IX. 1969 година. (1159)

---

Окружниоит стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните на 18. VII. 1969 година, рег. бр. 19/69, книга I е запишана под фирма: Занаетчиска задруга „Слобода , со седиште во Прилеп. Предмет на работењето на задругата е производство на градежна браварија и лимарија и вршење услуги од браварска и лимарска дејност.

Задругата е основана од група граѓани и тоа: Јовановски Илија, Трајковски Драган, Ацевски Тоде, Петревски Петре, Перевски Петар, Димовски Петре, Ангелевски Томе, Момировски Здравко, Јовановски Милан, Коневски Гога, Ѓуриќ Стево, со одлуката бр. 29 од 28. VI. 1969 година.

Задругата ќе ја потпишува Јовановски Илија, в. д. директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 270/69. (1175)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 541, страна 121, книга Ш е запишана под фирма: Фудбалски клуб „Кожув“ — Гевгелија — Угостителска единица „Кожув“ Гевгелија. Предмет на работењето на угостителската единица е угостителска — бифециска дејност. Услугите ќе ги врши како за своите членови, така и за лицата кои не се членови на клубот.

Угостителската единица е основана од управата на Фудбалскиот клуб „Кожуф“ — Гевгелија, со одлуката од одржаната седница на 16. IX. 1969 година.

Угостителската единица во Гевгелија ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Коста Г. Кусеников, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 865 од 9. X. 1969 година. (1233)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 540, страна 117, книга Ш е запишана под фирма: „Дунав“ индустрија за преработка на дрво — Апатин — Продавница број 6 во Гевгелија, ул. „Маршал Тито“ бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на намештај: кујнски, трпезариски, собни, канцелариски, намештај за детски соби, како и детски колички и останати видови намештај; технички апарати за домаќинство: шпорети и печки, фрижидери, телевизори, радиоапарати, машини за перење, прахосмукалки и други апарати за домаќинство; предмети за декорација и уредување на станови: теписи, прекривки за кревети, мадраци, душеци, завеси, креветска постелнина и останати декоративни предмети — сите видови дрвна галантерија.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Дунав“ — Апатин, со одлука од одржаната седница на 31. VII. 1969 година.

Раководител на продавницата е Ташкова Танка.

Продавницата ќе ја потпишува Ташкова Танка, раководител.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 728 од 30. IX. 1969 година. (1232)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 666, страна 3, книга VI е запишано следното: „Газела“ — индустрија за чевли и гумени производи — Скопје — Продавница во Гостивар, ул. „Чеде Филиповски“ бр. 20. Предмет на работењето на продавницата е продажба на чевли.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Индустријата за чевли и гумени производи „Газела“ — Скопје.

Раководител на продавницата е Абдулхаки Ромaни.

Продавницата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Најдовски Нацко и Ивановски Русе Киро, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 750 од 24. IX. 1969 година. (1234)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 8, страна 301, книга I е запишана под фирма: „Бистра“ — трговско претпријатие на големо и мало — Кичево — Мешовита продавница во село Туин, Кичевско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални, текстилни и други стоки.

Продавницата е основана од „Бистра“ — трговско претпријатие на големо и мало — Кичево, со одлуката бр. 07-1142/1 од 14. XI. 1967 година, на работничкиот совет.

Раководител на продавницата е Имет Ахмедов Алиу.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 260/68, од 29. IX. 1969 година. (1235)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 8, страна 301. книга I е запишана под фирма: „Бистра“ — трговско претпријатие на големо и мало — Кичево — Колонијална продавница број 6 во Кичево. Предмет на работењето на продавницата е трговија на мало со прехранбено-индустриски стоки, тутунски преработки, кибрит и прибор, земјоделски производи и зеленчук, месо и сувомесни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, млеко и млечни производи.

Продавницата е основана од „Бистра“ — трговско претпријатие на големо и мало — Кичево, со одлуката бр. 07-856/1 од 28. VII. 1967 година, на работничкиот совет.

Раководител на продавницата е Ѓорѓија Степановски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 261/68 од 29. IX. 1969 година. (1236)

---

## СОДРЖИНА

Страна


362. Закон за Републичкиот буџет за 1970 година — — — — — — — — — — 845
363. Закон за водниот придонес во 1970 година 863
364. Закон за изменување и дополнување на Законот за придонесите и даноците на граѓаните — — — — — — — — — — 864
365. Одлука за образување на Комисија за проучување остварувањето на општествено-економската положба на општината и на самоуправните односи во неа — — 864
366. Одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за проучување остварувањето на општествено-економската положба на општината и на самоуправните односи во неа — — — — — — 865
367. Одлука за образување на Заедничка комисија на Републичкиот собор, Соборот на општините и Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ за проучување остварувањето на рамноправноста на народностите во СР Македонија — — — 865
368. Одлука за избор на претседател и членови на Заедничката комисија на Републичкиот собор, Соборот на општините и Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за проучување остварувањето на рамноправноста на народностите во СР Македонија — — — — — — — — — — 866
369. Одлука за разрешување и избор на членови на постојаните одбори на Републичкиот собор на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — — 866
370. Одлука за усогласување на пензиите според членот 102 од Основниот закон за пензиското осигурување — — — — 867
371. Одлука за спроведување на задолжително здравствено реосигурување на работниците во 1970 година — — — — — 867
372. Тарифа на премиите за задолжително здравствено реосигурување на работниците во 1970 година — — — — — 868
373. Одлука за височината на средствата што од Фондот на инвалидското и пензиското осигурување во 1970 година задолжително се издвојуваат за резервите на Фондот и за височината на постојаниот дел на сигурносната резерва на тој фонд 869
374. Одлука за пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита на уживателите на пензија и инвалиднина за 1970 година — — — — — — — — 869
375. Одлука за височината на постојаниот износ на учеството на осигурените лица во трошоците за користење на издадените лекови во 1970 година — — — — 870
376. Одлука за делот на средствата на Фондот на инвалидското и пензиското осигурување што припаѓа на комуналните заедници на социјалното осигурување на работниците на име надоместок на фондовите на здравственото осигурување за трошоците на професионалната рехабилитација и запослувањето на инвалидите на трудот — — — — — — — — — 870
377. Одлука за доделување средства од Фондот задолжително здравствено реосигурување на работниците на општините од подрачјето на Босанска Краина и Бања Лука — — — — — — — — — — — 871
378. Одлука за измена на Тарифата на премиите за задолжително здравствено реосигурување на работниците за 1969 година — — — — — — — — — — — 871
379. Одлука за дополнение на Одлуката за користење на средствата за закрепнување на корисниците на пензија во 1969 година — — — — — — — — — — 872
380. Одлука за утврдување на финансискиот план на Фондот на инвалидското и пензиското осигурување за 1970 година — 872
381. Одлука за утврдување на финансискиот план на Фондот за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија за 1970 година — — — — — — 872
382. Одлука за утврдување на финансискиот план на Фондот за задолжително здравствено реосигурување за 1970 година — 873
383. Финансиски план на Фондот за задолжително здравствено реосигурување на земјоделците за 1970 година — — — 873
384. Одлука за спроведување на задолжителното здравствено реосигурување на земјоделците за 1970 година — — — — — 874
385. Тарифа на премијата за задолжително здравствено реосигурување на земјоделците за 1970 година — — — — — — 874
**Исправка** на Одлуката за востановување и доделување споменица на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија — — — — — 875


**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836· Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат: Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**